ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
www.krivapalanka.gov.mk

**ЗАПИСНИК И ЗАКЛУЧОЦИ ОД КОЛЕГИУМ**

Колегиумот е одржан на ден **26.01.2022 година** во 18:30 часот во кабинетот на Градоначалникот.

**Присутни:** Градоначалникот на Општина Крива Паланка **Сашко Митовски**, Раководител на Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој **Мартин Николовски,** Раководител на Секторот за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина и одржување на комунална инфраструктура - **Маја Костадиновска,** Раководител на одделение за правни и општи работи **Даниела Велковска,** Раководител на Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура **Никола Граматиков**, Раководител на одделение за испекциски надзор **Бранко Велиновски,** Раководител на Одделение за јавни дејности, локален економски развој и информатичка технологија **Антонио Давитковски,** Раководителот на Одд.за човечки ресурси **Игор Додевски**, Советник - Одговорен сметководител –**Марија Златановска**, Директор на ЛУ Градски музеј **Драган Величковски,** Директорот на ЈП Комуналец **Миле Марковски**, Советник за јавни набавки и водење седници на совет **Биљана Тасевска и Драган Цвијовиќ** - подршка на градоначалникот.

**Дневен ред:**

- **Разгледување на реализација на тековни задолженија**
- **Дискусија и Насоки за реализација на задолженија**
- **Разно**

**ЗАДОЛЖЕНИЈА И ЗАКЛУЧОЦИ**

Градоначалникот на општина Крива Паланка, Сашко Митовски го водеше состанокот на колегиум со запознавање на тековните активности на одделенијата и планирање на активностите во нареден период при што беа донесени следните заклучоци:

**Раководител на Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој**

Од страна на Раководител на Сектор за општи и правни работи,финансиски прашања и локален економски развој Мартин Николовски беше дадено известување во врска со

тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела.

-Тековни активности

-Учество во работна група околу комуникација со населението околу раселувањето при изградба на железничката пруга (Со Кире Велески, Оливер Стојановски, Маја Костадиновска и Драган Цвијовиќ)

**<u>Одделение за финансиски прашања</u>**

Од страна на Советник - Одговорен сметководител – **Марија Златановска** беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходниот период како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековниот период.
-Да се изготвуват решенија за данок на имот по улици и населби и како што ќе се изработат дел по дел да се доставaт на доставувачите за носење.

**<u>Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура</u>**

Од страна на Раководителот на Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура Никола Граматиков беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходниот период како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековниот период.

-Да се разгледа проектот за Дурачка река и ако има потреба да се исконтактира со ГИМ.

-До крајот на февруари да се спуштат жардињерите и да се поткастрат корењата на дрвјата по должина на главната улица (со ЈП Комуналец).

-Да се распише набавка за метални конструкции и да се порача изработка на урбана опрема (клупи) по доставена скица за изглед од страна на Одделението за урбанизам за градскиот плоштад.

-Предметите за градежно земјиште до крајот на февруари да се решат.

-Да се повика Енергоинвест околу договорот за регулација на Куков дол.

-Да се разговара со проектантот за корекција на проектот касарна.

-Тековни активности

**<u>Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина</u>**

Од страна на Раководител на Секторот за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина и одржување на комунална инфраструктура - Маја Костадиновска беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

-Да се определат локации за поставување на пет куќички на градскиот плоштад, а осатнатите да ги дислоцира ЈП Комуналец.

-Да се достави допис до ЈПДП за прекатегоризација на патот во с.Мождивњак.

-Да се направи идејно решение –скица за типска клупа за градскиот плоштад.

-Да се координира со ЈП Комуналец да се исцртат паркинг места за службени возила на паркингот на Општина Крива Паланка.

-Да се одредат локации низ градот за поставување на контињери.

-Да се исконтактира АКН околу парцелата на градскиот базен.

-Да се исконтактира со Општина Ранковце околу воведување на меѓуопштинска линија.- локал.

-Тековни активности.

**<u>Одделение за јавни дејности, локален економски развој и информатичка технологија</u>**

Од страна на Раководителот на Одделение за јавни дејности, локален економски развој и информатичка технологија Антонио Давитковски беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела:

-Да се изготви записникот од состанокот со ЈПДП за Жидилово.

-Да се разгледа можноста за реализација на иницијативата еден денар за спорт.

-Да се исконтактира со црквата и населениото околу организација за Теодор тирон во с.Конопница.

-Да се пушти јавна набавка за промотивен материјал за општина .

-Тековни активности

**<u>Одделение за човечки ресурси</u>**

Од страна на Раководителот на Одделение за човечки ресурси Игор Додевски беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела.

-Да се закаже состанок со катастар заедно со Драган Цвијовиќ и Никола Граматиков.

-Да се отпочне со постапката за изработка на внатрешна организација на општината.

-Тековни активности

**<u>Одделение за правни и општи работи</u>**

-Од страна на Раководителот Даниела Велковска беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела.

-Да се даде усна опомена на доставувачите за неизвршување на дадените работни задачи.

-Тековни активности

**<u>Одделение за инспекциски надзор</u>**

-Од страна на Раководителот за испекциски надзор Бранко Велиновски беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела.

-Да се види и преземе активност околу хаварисаните возила низ градот и да се распише набавка за заловување на кучиња скитници.

-Од страна на градежниот инспектор да бидат зачестени контролите на терен.

-Да се изготват известувања до граѓаните за отстранување на возилата од критичните места на улиците низ Крива Паланка, како би можеле непречено да се извршува зимското одржување, како и собирањето на сметот во зимските услови.

-Да се опоменат сопствениците на деловните објекти за чистење на снегот пред деловните објекти.

-Да се размисли околу садовите за селектирање на смет заедно со ЈП Комуналец и Антонио Давитковски.

-Тековни активности

**ЈП Комуналец**

Од страна на Директорот на ЈП Комуналец, Миле Марковски беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела.

-Да се даде писмено задолжение за спортската сала да се чисти секој ден.
–Да се дислоцират куќичките од градскиот плоштад.
-Да се уреди просторот како неформален паркин простор пред ООУ Јоаким Крчовски.
-Да се среди магацинот пред градските гробишта во Конопница.
-Да се продолжи хортикулурното уредување.
-Да се доврши открасувањето низ градот.
-Да се одржат состаноци со месното население за приклучување на водоводни и канализациони мрежи секаде со кои располага ЈП Комуналец.
-Да се направи отпис на старите возила.
-Да се расчистат селските гробишта.
-Да се направи генералка на градскиот плоштад по отстранување на куќичките.
- До крајот на февруари да се спуштат жардињерите и да се поткастрат корењата на дрвјата по должина на главната улица (во координација со одд.за комунална инфраструктура).
-Да се аплицира во АМС за ограда на градското игралиште.

-Тековни активности

**ЛУ Градски Музеј**

Од страна на Директорот на ЛУ Градски музеј, Драган Величковски беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела.

-Тековни активности

**Генерални заклучоци за сите одделенија**

-Да се почитува работното време од вработените и раководителите.

**26.01.2022 година, Крива Паланка**
**Изготвил: Биљана Тасевска**